# INTERETHNIC CONFLICT IN THE MEMBER STATES OF THE EUROPEAN UNION

**Jasmina Trajkoska Naumoska**
AUE-FON University, Skopje, North Macedonia, jasmina.trajkoska@fon.edu.mk
**Anita Gligorova**
AUE-FON University, Skopje, North Macedonia, anita.gligorova@fon.edu.mk

**Abstract:** In recent decades, although some authors predicted the “end of nationalism,” ethnic conflicts remain one of the dominant forms of mass political violence. Since 1950, the number of interethnic conflicts has continuously increased. Respect for the right to belong to a certain “minority” is one of the fundamental values of the European Union. This is explicitly stated in Article 2 of the Treaty of Lisbon of the European Union, where it is emphasized that “The Union is founded on the values of respect for human dignity, freedom, democracy, equality, the rule of law, and human rights, including the rights of persons belonging to minorities. These values are common to the Member States in a society in which pluralism, non-discrimination, tolerance, justice, solidarity, and equality between women and men prevail.“. Additionally, European legislation and programs contribute to the fight against discrimination, which includes the right to belong to a minority community. Article 21 of the Charter of Fundamental Rights of the European Union prohibits discrimination, including on the grounds of ethnic origin.
The European Union is naturally and inevitably composed of various nations and ethnic groups. The treatment of minorities varies from state to state. Following the emergence of the European Union, some theorists believe that by transferring certain rights to a supranational organization, European states are entering an era of post-nationalism, wherein they become interdependent on political, economic, and social levels, and nationalism will no longer represent the most significant political value. Nevertheless, nationalism still prevails as a foundation for political legitimacy—an axiom which holds that only national self-governance constitutes a legitimate form of rule.
Today, within the European Union, there are nine active conflicts of an ethnic nature. These are unresolved and ongoing issues of varying intensity, such as: Catalonia and the Basquein Spain; the issue of the Hungarian minority in Slovakia and Romania; the Russian minority in Estonia and Latvia; the Corsicans in France; the dispute between Turks and Greeks in Northern Cyprus; and the issue of the Serbian minority in Eastern and Western Slavonia in Croatia.This paper mapsactive interethnic conflicts within the European Union, analyzes the Europeans Union’s role in resolving these conflicts, examines them in terms of demands for greater autonomy or secession, and traces the intensity of these conflicts from 2003 to 2023.
**Keywords**: conflict, interethnic conflicts, nationalism, European Union

# МЕЃУЕТНИЧКИ КОНФЛИКТИ ВО ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Јасмина Трајкоска Наумоска**
АУЕ-ФОН Универзитет, Скопје, РС Македонија, jasmina.trajkoska@fon.edu.mk
**Анита Глигорова**
АУЕ-ФОН Универзитет, Скопје, РС Македонија, anita.gligorova@fon.edu.mk

**Резиме:** Во последните декади иако некои автори предвидуваа „крај на национализмот“, сепак етничките конфликти се една од доминантните форми на масовно политичко насилство. По 1950 година бројот на меѓуетнички конфликти постојано се зголемува. Почитувањето на правото на припадност на одредено „малцинство“ е едно од основните вредности на Европската Унија. Тоа експлицитно е наведено во член 2 од Договорот за Европската унија од Лисабон, каде се нагласува дека „Унијата е основана врз принципот на почитување на човековиот дигнитет, слобода, демократија, еднаквост, владеење на правото и човековите права, вклучително и на правото за припадност кон одредена малцинска заедница. Овие вредности се заеднички со државите-членки во општествата во кои плурализмот, недискриминацијата, толеранцијата, правдата, солидарноста и еднаквоста помеѓу мажот и жената ќе надвладеат.”. Дополнително, европските легислативи и програми придонесуваат во борба против дискриминацијата која вклучува и право на припадност кон малцинска заедница. Во член 21 од Повелбата за основните права на Европската унија се забранува дискриминација и врз основа на етничката припадност.
Европската унија природно и неминовно ја сочинуваат различни нации и етнички групи. Односот кон малцинствата во секоја држава е засебен. По формирањето на Европската унија дел од теоретичарите

сметаат дека со пренесувањето на одредени права на наднационална организација, европските држави преминуваат во ерата на постнационализмот. Со тоа што државите стануваат меѓузависни на политички, економски, социјален план, национализмот веќе нема да претставува најзначајна политичка вредност. Сепак, национализмот се уште преовладува како основа за политички легитимитет, аксиома која значи дека само националната самоуправа претставува легитимен облик на владеење.
Во Европската унија денес има девет активни конфликти со етнички карактер. Тоа се нерешени и отворени прашања со различен интензитет, како што се Каталонија и Баскија во Шпанија, прашањето на унгарското малцинство во Словачка и Романија, руското малцинство во Естонија и Латвија, корзиканците во Франција, прашањето помеѓу турците и грците во Северен Кипар и прашањето на српското малцинство во источна и западна Славонија во Хрватска. Овој труд ги мапира активните меѓуетничките конфликти во Европската унија, анализира која е улогата на Европската унија во надминување на овие конфликти, ги анализира во поглед на барања за поголема автономија или сецесија и го следи интензитетот на конфликтот од 2003 до 2023 година.
**Клучни зборови:** конфликт, меѓуетнички конфликти, национализам, Европска унија

## 1. ВОВЕД

Средновековните градови-држави и поредоците на големите монархии во западна Европа придонеасоа за конструкција на модерните нации. Нацијата е дефинирана како обединета група на луѓе со заедничко потекло, историја, култура и јазик населена на одредена држава или територија. Со воспоставувањето на хоризонтални врски помеѓу луѓето против моделот на феудалната традиција, кој ги обединувал вазалите и господарите преку директни и нееднакви размени на услуги, започнува да се формира нацијата. Генерално, во наративите се среќаваат различни термини кои се однесуваат на поимот држава-нација и тоа: земја, држава или нација. Но, држава-нација е специфична форма на држава, политички ентитет на одредена територија која управува со нација (културна заедница) која го влече легитимитетот од успешно управување со потребите на сите граѓани. Денес државите се хетерогени според составот на своето население. Од повеќе од 190 држави во светот, само Јапонија, Португалија, Јужна Кореја и Исланд може да се наречат хомогени држави. „Нацијата како политичка, тиранска и неефикасна фикција ќе послужи како алиби за најлошите казнувања во XX век. Предвидуваниот крај на национализмот не е ни на повидок. Напротив, националната припадност сеуште е најуниверзалната легитимна вредност во политичкиот живот на новото време“ (Андерсон, 1998). Национализмот нема секогаш негативна конотација. Со Договорот од Мастрихт од 1992 година формално-правно се создава Европската унија како наднационална меѓународна организација која создава заеднички наднационални вредности. Жан Моне, еден од основоположниците на идејата за обединета Европа уште во 1952 година во неговата славна изјава истакнува: „Ние не обединуваме држави, ние обединуваме граѓани”. Со развојот на глобализацијата големите нации сè повеќе се насочени кон капитал, а сè помалку кон иднината на своите граѓани. Целосно изостанува какво било објаснување за вистинските компаративни предности, забрзаните и агресивни вложувања во капиталот, процеси преку кои светските берзи ја придвижуваат и ја контролираат шпекулативната економија. Како последица на овие глобални текови и закани кои се појавуваат од безграничноста, национализмот се враќа како единствен одговор за зачувување или воспоставување на легитимитет за управување со населени територии. Стремежот на нациите да владеат со териториите и ресурсите врз кои егзистираат не е нова појава. По појавата на модерниот национализам пред двестотини години многу конфликти настанале од таа причина. XX век го обележаа настани како распаѓањето на империите по Првата светска војна, појавата на фашизмот, екстерната варијанта на национализмот, европската деколонизација проследена со Втората светска војна, кои се директна последица од потребата и желбата на нациите да ги контролираат „своите” територии. Во светот постојат повеќе од 5000 нации распределени во околу 200 држави (White, 2000). Во суштина, признавањето на нова нација не е најголемиот проблем, но оттаму произлегува прашањето која територија ја има опфатено „новата” нација во својата декларација за независност? Управувањето со определена територија која е интерес на различни групи (нации, етнички групи) и користењето на нејзините ресурси е причина за конфликт.
Државите-членки на Европската унија споделуваат вредности за силна и обединета Европа, но исто така целат кон задржување на сопствениот суверенитет и интегритет. Во рамките на политичките системи на државите членки се среќаваат различни етнички групи кои изразуваат незадоволство поради долгогодишни економски, социјални или културни нееднаквости и се причина за појава на спор, ненасилни конфликти или насилни конфликти. Како последица на политичката транзиција многу од овие етнички групи се обидоа преку правото на самоопределување да ги остварат своите цели за поголема автономија или сецесија. Некои од овие спорови ескалираат во насилство.

Низ минатите декади етничките конфликти станаа доминантна форма на масовно политичко насилство, иако некои автори предвидуваа „крај на национализмот“ (Habermas 2001). По завршувањето на Првата и Втората светска војна бројот на конфликти со етнички карактеристики е постојано присутен предизвик. И државите-членки на Европската унија не се имуни на конфликти со етнички предзнак. Во овој труд се анализираат домицилните етнички групи во соодветните држави-членки на Европската унија. Со Договорот за Европската унија од Лисабон се поставуваат основните вредности врз кои се заснова Унијата во поглед на почитување на човековото достоинство, слобода, демократија, еднаквост, вклучително и родова еднаквост, владеење на правото и почитување на човековите права, вклучувајќи ги и правата на луѓето кои припаѓаат на одредени малцинства. Малцинска група е група на луѓе која поради физички и културни различности е издвоена од другите во општеството со различен и нееднаков третман, па затоа се сметаат себеси како објекти на колективна дискриминација. Етничката група не е сама по себе ентитет, туку еден облик на организација препознатлива по контрастите на културните белези и вкрстените изрази на начин на кој се групираат луѓето. Ентони Смит (1991) укажува на поврзаноста на модерните нации со предмодерните етнички заедници, кои ги нарекува етнии; оттаму јасно се увидува дека модерните нации се осовремени верзии на прастарите етнички заедници. Етничката припадност е термин кој опишува заедничка култура и национално потекло, а малцинските групи ги карактеризира недостатокот на моќ во еден политички систем. Често етничките групи се малцинства во рамките на различни политички системи кои може да имаат нееднаков третман со останатите граѓани.

## 2. УЛОГАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО НАДМИНУВАЊЕТО НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ ВО НЕЗИНИТЕ РАМКИ

Политичкиот систем на Европската унија е sui generis што е сосема нов облик на уредување на наднационални заеднички вредности. Европската унија нема сопствен систем за заштита на националните малцинства. Основни меѓународни документи за воспоставување на стандарди за заштита на правата на националните малцинства во Европа се: Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Европската повелба за регионални и малцински јазици, кои се усвоени од Советот на Европа. Скоро сите држави-членки на Европската унија ја имаат потпишано и ратификувано Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Белгија, Грција и Луксембург ја имаат потпишано оваа Конвенција, но сеуште ја немаат ратификувано, а Франција е единствената држава-членка на Европската унија која ја нема потпишано Конвенцијата. Што се однесува до Европската повелба за регионални и малцински јазици, седум држави-членки (Белгија, Бугарија, Естонија, Грција, Ирска, Латвија, Литванија) на Европската унија ја немаат потпишано Повелбата, а Франција, Италија, Малта и Португалија ја имаат потпишано, но сеуште ја немаат ратификувано Повелбата. Сепак, почитувањето на правото за припадност на определено малцинство е едно од основните вредности на Европската унија. Во член 2 од Договорот за Европската унија од Лисабон, се нагласува дека „Унијата е основана врз принципот на почитување на човековиот дигнитет, слободата, демократијата, еднаквоста, владеењето на правото и човековите права, вклучително и на правото за припадност кон определена малцинска заедница. Овие вредности се заеднички со државите-членки...”. Дополнително, европските легислативи и програми придонесуваат во борбата против дискриминацијата, која го вклучува и правото на припадност кон определена малцинска заедница. Член 21 од Повелбата за основните права во Европската унија ја забранува дискриминацијата и врз основа на етничката припадност. Меѓутоа, во рамките на Европската унија има и држави, како што се Грција и Франција, кои не признаваат национални малцинства во рамките на сопствените политички системи.

Европската комисија нема директна моќ во однос на третирањето на малцинствата во државите-членки, особено нема мешање во прашањата кои се однесуваат на признавањето на статусот на малцинствата, самоопределувањето и автономијата како и врз употребата на регионални, малцински јазици и културна експресија. Сите држави-членки имаат поединечна моќ и посебни политики со кои ги регулираат правата на малцинствата во своите рамки. Во некои држави-членки на Унијата регулирањето на правата на малцинствата е спротивно на член 2 од Договорот за Европската унија од Лисабон. Државите–членки на Европската унија се обврзани да ги почитуваат основните човекови права преку нивно уставно и институционално гарантирање. Ова е директно поврзано со „малцинските” права бидејќи основното човеково право е правото на самоопределување и правото на религија. Европската унија соочена со актуелните меѓуетнички конфликти, иако нема директно влијание врз меѓуетничките односи во рамки на националните граници на државите-членки, сепак, во 2012 година прави напредок во оваа насока назначувајќи Специјален претставник за човекови права на ниво на Унијата. Примарните одговорности на Специјалниот претставник за човекови права вклучуваат: зајакнување на спроведувањето на политиките за човекови права на Европската унија, промовирање на усогласеноста со меѓународното хуманитарно право и

поддршка на напорите за меѓународна кривична правда. Неговата работа е тесно поврзана со Европската служба за надворешни работи и институциите на Европската унија за да се обезбеди кохерентност и ефективност во примовирање на политиките за човекови права на Европската унија на глобално ниво.
Во Европската унија денес постојат девет нерешени и отворени конфликти од етнички карактер, што укажува на фактот дека во Европската унија постојат колективитети кои не се задоволни со решението за нивниот идентитет и се борат за поголема самостојност во креирањето на јавните политики на своите територии. Овие конфликти се однесуваат на барања за авономија или сецесија од страна на одредени етнички групи.

## 3. БАРАЊА ЗА АВТОНОМИЈА ИЛИ СЕЦЕСИЈА

Барањата за автономија и сецесија се најчести причини за меѓуетничките конфликти во Европската унија. Под поимот конфликт се подразбира „конфликт на интереси во однос на националните вредности помеѓу две страни (организирани групи, групи на држави, организации, држави) кои се насочени кон остварувањето на своите интереси и победа над другата страна" (Conflict Barometer, 2023). Конфликт барометарот разликува пет нивоа на интензитет на конфликти: 1-спор, 2-ненасилна криза, 3-насилна криза, 4-ограничена војна, 5-војна. Конфликтот може да биде ненасилен и насилен конфликт, со низок, среден и висок интензитет. Меѓуетничките конфликти најчесто се за остварување на поголема автономија во донесувањето на одлуки за својата заедница или се за сецесија. Конфликтите кои се однесуваат на автонимија се карактеризираат со низок интензитет, за разлика од оние конфликти кои се однесуваат на сецесија. Автономијата е контроверзен поим помеѓу академскиот свет и политичките актери, кои ги преземаат чекорите познати како борба за автономија. Теоретски, терминот автономија доаѓа преку признавањето на етнички и национални групи кои се субјекти на колективните права (Benedikter, 1997). Автономијата како компромисно решение за малцинските права претставува можност за поделба на законодавната и извршната власт помеѓу централната власт и националните малцинства, сочувувајќи ги интегритетот и суверенитетот на државата и самоуправата на малцинската група во специфичен регион. Автономијата претставува ефикасно средство за превенција на конфликтите, сместување на малцинствата и нивните права во рамките на постојните граници како и сместување на фундаменталните права на националното или етничкото малцинство во рамките на меѓународното право. Автономијата треба да ја гледаме како динамичен процес, а не како засекогаш загарантирано решение. Постојат три вида на автономија: територијална, културна или лична и локална автономија. Во Европската унија постојат движења за автономија од руското малцинство во Латвија и Естонија, српското малцинство во Краина и источна и западна Славонија во Хрватска, унгарското малцинство во Трансилванија во Романија и унгарското малцинство во Словачка.
Дефинирањето на сецесијата потекнува од латинските зборови „secede" - разделување и „cedere" - заминување. Сецесијата претставува акт на отцепување од нацијата или државата, со што се постигнува независност. Сецесија е креирање нова држава преку преземање територија и популација, при што територијата претходно претставувала дел од веќе постојна држава (Pavkovic & Radan, 2007:5). Сецесијата во контекст на општествено-политичката прифатливост се смета за негативна појава која во основа поттикнува насилство. На територијата на Европската унија постојат сецесионистички движења во Шпанија (Баскија и Каталонија), Северен Кипар во Република Кипар и Коризака во Франција.

## 4. ИНТЕНЗИТЕТ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ КОНФЛИКТИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Конфликтите во Европската унија се со различен интензитет. Оние кои се однесуваат на сецесија се со повисок интензитет од конфиктите кои се однесуваат на автономија. Институтот за меѓународно истражување на конфликти од Хајделберг прави годишна анализа на конфликтите на глобално ниво во Конфликт барометар. Од 1992 година Конфликт барометарот квалитативно и квантитативно ја евидентира динамиката на насилните и ненасилните политички конфликти во светот. Последното издание на Конфликт Барометарот е од декември 2024 година и се однесува на периодот од 01.01.2023-31.12.2024. Како што веќе беше споменато, во рамките на Европската унија има девет активни конфликти со етнички карактер.
Конфликтот во Франција со Корзиканците, попрецизно со Националниот ослободителен фронт на Корзика започнува во 1975 година и се однесува на барање за сецесија. Од 2003 до 2013 година конфликтот има интензитет 3-насилна криза. Во 2013 година интензитетот на овој конфликт се намалува од насилна криза на 2- ненасилна криза, а во 2015 година овој конфликт е сведен на ниво на 1-спор.Во 2016 година конфликтот повторно го зголемува интензитетот на 3 – насилна криза, а веќе следната 2017 година состојбата се смирува и конфликтот преминува во 1- спор. Во 2018 година интензитетот на конфликтот повторно се зголемува на ниво на 2- ненасилна криза, а во 2022година повторно имаме зголемување на интензитетот на ниво на 3- насилна криза. Во 2023 година овој конфликт преминува во ненасилна криза со интензитет 2.

Конфликтот кој се однесува на барање за сецесија на провинцијата Баскија во Шпанија е започнат во 1959 година. Од 2003 до 2010 година конфликтот е со интензитет 3-насилна криза, од 2011 до 2013 година има намален интензитет 2-ненасилна криза, а од 2013 до 2016 година конфликтот е со интензитет 1-спор, во 2016 се зголемува интензитетот во 3- насилна криза, 2017 повторно се намалува на 1-спор и останува со тој интензитет и во 2023 година.

Конфликтот во Каталонија во Шпанија, кој исто така се однесува на сецесија е започнат во 1979 година. За периодот од 2003 до 2006 година нема податоци за интензитетот на конфликтот. Во 2007 - 2016 година според Конфликт барометарот, конфликтот во Каталонија има интензитет 1-спор.Во 2016 година конфликтот преминува во 2-ненасилна криза, од 2017 до 2020 има интензитет 3-насилна криза.Во 2020 година интензитетот се намалува во 2- ненасилна криза, а во периодот од 2022 и 2023 година повторно е со интензитет 1-спор.

Конфликтот кој исто така се однесува на сецесија во Република Кипар со Северен Кипар е започнат во 1963 година. За него нема податоци до 2008 година. Од 2008 до декември2023 година конфликтот е со интензитет 2-ненасилна криза.

Конфликтот во Латвија кој се однесува на автономија на руското малцинство започнат во 1991 година, од 2003 до 2008 година се карактеризира со интензитет 2-ненасилна криза, од 2009 до 2020 година овој конфликт го намалува својот интензитет на 1-спор. За овој спор нема податоци во анализите од 2021 година.

Конфликтот во Естонија е започнат во 1991 година и исто така се однесува на автономија на руското малцинство.За периодот од 2003 до 2006 нема податоци, во 2007 година овој конфликт е со интензитет 3-насилна криза, во 2009 година се намалува во 2-ненасилна криза, од 2010 до 2021 е со низок интензитет 1-спор, а за 2022 и 2023 година за овој конфликт нема податоци.

Конфликтот во Романија со унгарското малцинство во регионот Трансилванија, кој се однесува на автономија е започнат во 1989 година Од 2003 до 2005 година конфликтот се карактеризира со интензитет 1-спор, во 2006 интензитетот се зголемува во 2-ненасилен спор, од 2007 до 2017 година е со интензитет 1-спор, во 2018 година се зголемува интензитетот во 2-ненасилна криза до 2022 година кога повторно се намалува во 1-спор и со тој интензитет е и во 2023 година.

Конфликтот со унгарското малцинство во Словачка започнува во 1998 година со барање за автономија. Од 2003 до 2005 година конфликтот е со интензитет 1-спор. Од 2006 до 2009 година е со зголемен интензитет 2-ненасилна криза, во 2010 година интензитетот се намалува во 1-спор и тој интензитет се задржува до 2018 година кога повторно се зголемува во 2-ненасилна криза се до 2022 година. Во 2022 и 2023 година повторно е со интензитет 1-спор.

Конфликтот кој се однесува на барање на автономија на српското малцинство во Краина и источна и западна Славонија во Хрватска, започнува во 1992 година. За овој конфликт нема податоци за 2003 и 2004 година. Од 2005 до 2009 година овој конфликт е со интензитет 2-ненасилна криза, во 2010 година се намалува интензитетот во 1-спор, во 2019 година интензитетот се зголемува во 3-насилна криза, во 2020 се намалува во 2-ненасилна криза, во 2022 преминува во 1-спор, со истиот интензитет е и во 2023 година.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Почитувањето на правото на припадност на одредено малцинство е едно од основните вредности на Европската унија и е јасно наведено во член 2 во Договорот од Лисабон за Европската унија, но односот кон малцинствата во секоја држава членка е различен. И покрај меѓузависнота на државите-членки, национализмот сеуште преовладува и е основа за меѓуетнички конфликти. Иако Европската унија е заедница која почива на почитување на заеднички вредности, а припадноста на определено малцинство е едно од нејзините основни вредности, сепак таа нема сопствен систем за заштита на малцинствата. Европската комисија нема влијание во однос на третирањето на малцинствата во државите членки и не се меша во прашањата кои се однесуваат на признавањето на статусот на малцинствата. Државите членки имаат сопствени политики со кои ги регулираат правата на малцинствата на своја територија. Од државите членки на Европската унија, Франција и Грција се држави кои не признаваат малцинства во рамките на нивните политички системи. Ова упатува на тоа дека на ниво на Европската унија и покрај одредбите од членот 2 од Договорот за Европската унија сепак не постои усогласеност на политиките на државите членки со кои се регулираат правата на малцинствата.

Во Европската унија активни се девет меѓуетнички конфликти од кои три се со барање за сецесија, а шест за поголема автономија. Конфликтите кои се однесуваат на автономија се карактеризираат со низок интензитет, за разлика од конфлитките кои се однесуваат на сецесија. Истражувањето покажа дека интензитетот на сите активни конфликти во рамките на Европската унија во периодот од 2003 до декември 2023 година е динамичен. Сите конфликти кои се однесуваат на барања за автономија и покрај динамичните

промени во периодот од 2003 до декември 2023 се сведени на најниско ниво на интензитет, односно на ниво на спор. Од четирите конфликти кои се со барање за сецесија, конфликтите во Баскија и Каталонија во Шпанија се сведени на најниско ниво на интензитет,на ниво на спор, додека конфликтите во Република Кипар со Северен Кипар и конфликтот во Франција со Корзиканците во 2023 година имаат интензитет на ненасилна криза. Иако во некои периоди од 2003 до декември 2023 година имаме конфликти со интензитет 3-насилна криза, денес во рамките на Европската унија сите конфликти се со низок интензитет, односно ненасилни кризи и спорови.

Иако државите членки на Европската унија се обврзани да ги почитуваат фундаменталните човекови права во кои и правото на самоопределување што е директно поврзано со малцинските права, сепак тие самостојно ги уредуваат прашањата за малцинствата. Од друга страна Европската унија поставува услов за државите кандидати за членство да ги решат меѓуетничките конфликти пред да станат рамноправни членки на унијата иако таа сама по себе не е гаранција дека таквите конфликти нема повторно да се интензивираат.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Андерсон, Б. (1998). Замислени заедници, Скопје: Култура

Рајчиновска Пандева, И., & Чупеска, А. (2022). Етнички конфликти во меѓународните односи, Скопје: Фридрих Еберт

Casal Torbisco, N. & Krish, N. (2024). The Spanish Amnesty, the Conflict with Catalonia, and the Rule of Law, VerfBlog

El-Tayeb, F. (2011). European Others: Queering Ethnicity in Postnational Europe (NED-New edition). University of Minnesota Press. http://www.jstor.org/stable/10.5749/j.cttttbbx

Habermas, J. (2001). The Postnational Constellation: Political Essays, trans. and ed. by Max Pensky (Cambridge, MA: MIT Press)

Heidelberg Institute for International Conflict Research, (2003-2024). Conflict Barometer, достапен на: https://hiik.de/conflict-barometer/bisherige-ausgaben/?lang=en

Krešić, M.(et.all), (2022). Ethnic diversity, Plural Democracy and Hyman Dignity, Chalenges to the European Union and Western Balkan, Switzerland AG: Springer Cham

Pavlovic, A &Primoracz, I. (2022), Identity, Self-determination and Secession, London: Routledge

Świątkowski, D. (2023). Corsican Separatism in the Face of Socio-Legal Challenges. Analysis of the problem on the Basis of French, International and European Law, STUDIA IURIDICA XCVI

Wellings, B. (2022). Nationalism and European disintegration, Special online issue on the 2024 European Parliament elections, Volume 29, Issue 4, p. 1164-1179

White, G. (2000). Nationalism and territory, Rowman & Littlefield Publishers, Inc. стр.2

Žižek, S. (2016). Slavoj Žižek on Brexit and the Future of the European Union, 5 July, достапен на: https://www.youtube.com/watch?v=2OzV53zj1PA.